ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

# ЈАВЕН СЕКТОР

Годишен извештај од

# РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

# 2016

Скопје, март 2017 година

**Наслов на публикацијата**
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР 2016 ГОДИНА

**Издавач**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

**Уредници**
Марта Арсовска Томовска
Југослав Ѓорѓиевски
Бобан Коруновски

**Други лица**
проф. д-р Борче Давитковски
м-р Братислава Танасковиќ
м-р Розалинда Стојова
м-р Сања Ѓорѓиев
Љупка Ивановски

**Илустратор**
Јане Петков

**Адаптација за печат**
Полиестердеј дооел

**Тираж**
30

**март, 2017**

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје**

35(497.7)"2016"(047)

**ГОДИШЕН извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор :** 2016 / [уредници Марта Арсовска Томовска, Југослав Ѓорѓиевски, Бобан Коруновски]. - Скопје : Министерство за информатичко општество и администрација, 2016. - 156 стр. : граф. прикази ; 30 см

ISBN 978-608-65602-8-7
а) Јавна администрација - Регистар на вработени - Македонија - 2016 - Извештаи
COBISS.MK-ID 102953994

## СОДРЖИНА


ЗАКОНСКИ ОСНОВ ... 9

КРАТКО РЕЗИМЕ ... 11

ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 15

БРОЈ НА ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 15

ОСНОВАЧИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 15

ДЕЈНОСТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 17

ВИДОВИ НА ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 19

Институции според гранки на државна власт ... 21

Законодавна власт ... 22

Извршна власт ... 23

Судска власт ... 23

ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 26

ОПФАТ НА РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 26

БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ОБЕМ) ... 28

БРОЈ И СТАТУСИ НА ВРАБОТЕНИ ПО ВИД НА ИНСТИТУЦИИ ... 31

СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 43

ПОЛОВА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 43

СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 49

ЕТНИЧКА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 54

ОБРАЗОВНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 67

ВКРСТЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ... 75

Вкрстувања по пол и возраст ... 75

Вкрстување по пол и образование ... 75

Вкрстување по пол, етничка припадност и дејност ... 76

Вкрстување по возраст и етничка припадност ... 78

Вкрстување по етничка припадност и образование ... 79

ПРИЛОГ 1 ... 85

ПРОФИЛ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДЕЈНОСТИТЕ ... 85

ПРИЛОГ 2 ... 103

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ВРАБОТЕНОСТ ВО ОПШТИНИТЕ ... 103

ПРИЛОГ 3 ... 123

БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ИНСТИТУЦИЈА ... 123

## ЗА ПУБЛИКАЦИЈАТА

Оваа публикација е изработена во Министерството за информатичко општество и админстрација, врз основа на податоците во Информациониот систем за управување со човечки ресурси, како и податоците од повеќе државни институции кои помагаат за редовно следење, проверка и ажурирање на податоците во системот. Благодарност до Централниот регистар, Фондот за здравствено осигурување, Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Министерството за финансии.

Благодарност и до сите раководни лица и вработени во организационите единици за управување со човечките ресурси во институциите на јавниот сектор, за нивната посветеност и ажурност при користење на системот.

Благодарност до професорот Борче Давитковски за неговите совети и препораки во подготовката на извештајот.

Посебна благодарност до вработените во министерството, како и сите вработени во одделението за управување со човечки ресурси, кои во текот на изминатите две години учествуваа во активностите околу воспоставувањето, обуките и водењето на ИСУЧР и Каталогот на работни места во јавниот сектор, за нивната посветеност на работата и за личниот придонес за отчетна и транспарентна македонска јавна администрација.

ОБРАЌАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ

*Почитувани,*

Обемот и структурата на јавниот сектор се теми кои имаат повеќедимензионална важност во сите сфери на општественото живеење, затоа што најважните општествени области и дејности како што се здравството, образованието, културата, социјалната заштита, животната средина, јавниот ред и поредок, како и безбедноста на државата се во директна корелација со овие прашања. Истите се од исклучителна важност за квалитетот на животот на граѓаните, но и за обезбедување на поволна бизнис клима како еден од основните предуслови за општествен просперитет.

Обемот и структурата на јавниот сектор се истовремено комплексни теми кои треба да се разгледуваат од најмалку два аспекти, односно од аспект на организациска и структурна поставеност на институциите на јавниот сектор, како и од аспект на обем и структура на вработените во самите институции, поврзано со надлежноста на институциите.

Согласно заложбите на Владата на Република Македонија за суштински реформи во јавната администрација, воспоставување на целосен "мерит" систем, зголемена ефикасност, транспарентност, отчетност и одговорност во управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор, во текот на изминатите неколку години беше ревидирана законската рамка која се однесуваше на положбата и статусот на вработените во јавниот сектор, како и информирањето на јавноста за овие состојби.

Со Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација презеде обврска да води Регистар на сите институции и на сите вработени во јавниот сектор, и податоците од истиот, сублимирани во годишни извештаи, јавно да ги објавува. Со тоа станавме пионери, барем во земјите од регионот, во водењето на еден ваков сеопфатен регистар кој претставува обемен извор на податоци за организацијата на државата и нејзините институции од една страна, како и бројната, половата, возрасната, образовната и етничката структура на вработените од друга. Овие податоци и се неопходни на државата заради димензионирање на реформата на јавната администрација и планирањето на човечките ресурси, потребата од унапредување на нивните стручни квалификации и компетенции, можноста за оптимизација на кадар (суфицит/дефицит), трансфери, мобилност на кадри и сл.

Самиот Регистар на вработените во јавниот сектор е дел од една комплексна електронска платформа (Информационен систем за управување со човечки

ресурси - ИСУЧР), која на секоја институција и нуди можност на лесен и ефикасен начин не само да води евиденција и податоци за вработените, туку и да го спроведува процесот на управување со човечки ресурси на ниво на институција. Платформата е единствено место каде се води евиденција и за институциите и за вработените, почнувајќи од поставеноста на институциите во системот во однос на гранки на власт, дејност, вид, и податоците за вработените содржани во нивните персонални досиеја кои се однесуваат на вработувањето, стручните квалификации, стажот, одморите, оценувањето, постапките кои за нив се водат, планираните и спроведени обуки, престаноците на работен однос и други слични податоци. Системот нуди и можност за пресметка на платите на овие вработени и со предвидената динамика за започнување со користење на овој модул, се планира до крајот на 2018-та година да се обезбедат точни податоци за средствата кои се исплаќаат за плати и надоместоци на плати за сите вработени во јавниот сектор. Од тие причини, од исклучителна важност е да се обезбеди целосна искористеност на ова современо електронско решение, нешто на што министерството во последниве две години посветуваше многу внимание. Сепак се работи за процес во кој се вклучени 1.291 институција и кој бара и огромна посветеност и одговорност на секоја од нив.

Овој Годишен извештај, кој се однесува на 2016-та година, содржи многу повеќе податоци од претходниот, со надеж дека со ова ќе воспоставиме стандард по кој секоја следна година ќе добиваме на квалитет. Со самиот извештај и прилозите кон него, намерата ни беше да обезбедиме не само преглед на статистички податоци, туку податоци кои ќе им користат на сите институции на јавниот сектор, но и на академската и стручната јавност, на граѓанските здруженија, на меѓународните организации, на стопанските комори и субјекти, како и на сите заинтересирани страни за нивните различни потреби.

Во исто време, важно е да се потенцира дека извештајот обезбедува транспарентен приказ на обемот и структурата на јавниот сектор во државата, со што пошироката јавност ќе добие прецизна слика за состојбите и трендовите во јавната администрација.

Ви посакувам пријатно читање!

Со почит,

Марта Арсовска Томовска
Министер за информатичко општество и администрација

Во Скопје, 15 март 2017 година

# ЗАКОНСКИ ОСНОВ

Со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), утврдена е законска надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација, да воспостави и да води единствен регистар на сите вработени во институциите на јавниот сектор. Регистарот на вработените во јавниот сектор е дел од информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), кој претставува современа електронска платформа која им овозможува на институциите на едноставен, брз и ефикасен начин да управуваат со човечките ресурси и кои истовремено се законски обврзани редовно да ги полнат и ажурираат податоците во системот. Во рамките на овој информационен систем покрај модулот кој се однесува на персоналната евиденција на вработените, а кој всушност е самиот регистар на вработените, развиени се и модул за управување со учинок, модул за пресметка на плати и модул за извештаи.

Согласно со членот 2 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор, во Регистарот влегуваат лицата вработени во:

- органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон; и

- институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Овој извештај за податоците од Регистарот на вработените во јавниот сектор со состојба од 31 декември 2016 година е изготвен врз основа на членот 20 од истиот закон, и во него систематизирано се прикажани податоците за институциите на јавниот сектор во однос на нивниот број, вид, назив, гранка на власт, дејност и основач, како и податоци за вработените во овие институции, во однос на нивниот број, клаасификацијата на работните места, полот, возраста, степенот на образование и припадноста на заедница. Наведените податоците кога е тоа можно и логично, се претставени со меѓусебно вкрстување.

Извештајот се објавува на веб страницата на Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до крајот на првото тримесечје во тековната година, за претходната календарска година.

# КРАТКО РЕЗИМЕ

Во јавниот сектор на Република Македонија активни се 1.291 институции, во кои работен однос имаат засновано 129.653 лица. Од нив 19.342 лица се вработени во Армијата на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за внатрешни работи и органите во негов состав со статус на овластени службени лица за кои во Регистарот се водат податоци само за бројот, но не и за нивната структура.

Така, во Извештајот е направена анализа на структурата на податоци за 110.311 вработени во јавниот сектор, од кои жени се 59.111, додека мажи се 51.200.

Просечната возраст на овие вработени изнесува 45,43 години, кај жените просекот е 44,72 години, додека кај мажите 46,25 години. Најмлади се 9 вработени, на возраст од 19 години, а највозрасни се 21 вработен на возраст од 67 години.

Од сите вработени, 485 се без образование, 270 се полуквалификувани, 412 се квалификувани, 9.236 се со основно образование, 36.310 се со средно образование, 4.883 се висококвалификувани, 6.515 се со вишо образование, 48.322 се со високо образование, 2.107 се магистри, а 1.771 се доктори на науки.

Во однос на етничката структура, 82.900 се Македонци, 21.279 се Албанци, 1.781 се Турци, 1.272 се Срби, 1.215 се Роми, 479 се Бошњаци, 478 се Власи, а 907 се други или не се изјасниле.

Извештајот обилува и со многу други податоци кои се добиени со вкрстување на податоците од претходно наведените категории. За потребите на Извештајот подготвени се и три Прилози, и тоа:

1. Прилог 1 - профил на вработените во јавниот сектор во дејностите;
2. Прилог 2 - анализа на состојбата со вработеност во општините; и
3. Прилог 3 - преглед на институции на јавен сектор со број на вработени.

Дел 1.

# **ИНСТИТУЦИИ** на јавниот сектор

# ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

## БРОЈ НА ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

Заклучно со 31 декември 2016 година, во Регистарот на вработените во јавниот сектор се води евиденција за **1.291 институција на јавниот сектор,** колку што постојат во Република Македонија. Споредено со извештајот за 2015 година кој содржеше податоци за 1.288 институции, бројот на институции на јавниот сектор е зголемен за три, но доколку се разгледаат податоците за секоја од институциите одделно може да се види дека во меѓувреме се воспоставени 10 нови институции, А поради промена на статусот и згаснување повеќе не се водат податоци за 7 институции. [1]

Во однос на начинот на основање на институциите на јавниот сектор, нема воедначен пристап. Имено дел од институциите на јавниот секот произлегуваат директно од Уставот на Република Македонија, а истите понатаму се доуредени со посебни закони (Собрание на Република М,акедонија, Влада на Република Македонија, Претседател на Република Македонија, Народен правобранител на Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, Јавно обвинителство на Република Македонија и др.), министерствата, органите во состав на министерствата, како и самостојните органи на државната управа се воспоставени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а јавните установи и јавните претпријатија согласно Законот за установите, односно Законот за јавните претпријатија. Голем е бројот на институции кои се основани со посебни закони.

## ОСНОВАЧИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

Како основачи на институциите на јавниот сектор се јавуваат: Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Градот Скопје и единиците на локалната самоуправа.

За независните институции, како и институциите кои произлегуваат непосредно од Уставот на Република Македонија како што се Уставниот суд на Република Македонија, Народниот правобранител, Народната банка, судовите, јавните

[1] **Новоосновани институции:** Јавно комунално претпријатие „Лиќени Треска“ Сарај; Јавно претпријатие за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола; Јавно претпријатие „Градски паркинг“ Тетово; Средно општо училиште, гимназија „7 Марси“ Тетово; Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица „д-р Иван Влашки“ Берово; Јавна општинска установа за деца, детска градинка „Фиљизи“Сарај; Јавна здравствена установа „Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Македонија“ Скопје; Средно училиште "Сарај"Скопје Јавна општинска установа за деца, детска градинка „Авионче“Петровец; и Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје. **Згаснати или избришани институции:** Народен универзитет Тетово; Ученички дом „Здравко Чочковски“ Дебар; Центар за обука „Лазо Филипоски Лавски“ Прилеп; Јавно претпријатие за водовод и комунални дејности Богданци; Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Фортуна“ Штип; Центар за детско творештво „29 ноември“ Куманово; и Установа за координација и поддршка на активности центар на мрежата на правни факултети на југоисточна Европа Скопје.

обвинителства, Судскиот совет и Советот за утврдување на фактите, како основач е наведена Република Македонија.

| ОСНОВАЧ | БРОЈ НА СУБЈЕКТИ |
|---|---|
| ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 429 |
| ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РМ | 1 |
| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 71 |
| СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 25 |
| ОПШТИНИ И ГРАД СКОПЈЕ | 765 |
| **ВКУПНО** | **1.291** |

*Табела 1 - Вкупен број на институции на јавниот сектор по основач*

Од табелата бр. 1 може да се види дека општините и Градот Скопје се јавуваат како основачи на најголем број институции во јавниот сектор. Имено, од вкупно 1.291 институција на јавниот сектор, 765 се основани од општините и Градот Скопје, што претставува 59,26%. Прегледот на вкупниот број на институции основани од секоја од општините, како и од Градот Скопје, кои имаат основано 10 или повеќе субјекти е даден во табела бр. 2.

| НАЗИВ НА ОСНОВАЧ | БРОЈ НА СУБЈЕКТИ |
|---|---|
| Град Скопје | 37 |
| Општина Куманово | 35 |
| Општина Битола | 28 |
| Општина Тетово | 27 |
| Општина Прилеп | 23 |
| Општина Охрид | 21 |
| Општина Струга | 21 |
| Општина Гостивар | 20 |
| Општина Струмица | 20 |
| Општина Велес | 18 |
| Општина Гази Баба | 17 |
| Општина Кавадарци | 16 |
| Општина Карпош | 15 |
| Општина Штип | 15 |
| Општина Кичево | 14 |
| Општина Виница | 13 |
| Општина Кочани | 13 |
| Општина Чаир | 12 |
| Општина Аеродром | 11 |
| Општина Гевгелија | 11 |
| Општина Радовиш | 11 |
| Општина Ресен | 11 |
| Општина Сарај | 11 |
| Општина Берово | 10 |

| | |
|---|---|
| Општина Кисела Вода | 10 |
| Општина Свети Николе | 10 |
| Општина Центар | 10 |

*Табела 2 - Преглед на бројот на институции основани од општините*

Кога се има предвид организацијата и надлежноста на институциите на јавниот сектор може да се забележи дека е поголем бројот на институции организирани на локално ниво, отколку институции организирани и со надлежност на централно ниво, односно 59,57% од институциите се на локално ниво, а 40,43% на централно.




*Графикон 1 - Институции на централно и локално ниво*

## ДЕЈНОСТИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

Иако не постои некакво законско разграничување, сепак заради дејноста која ја вршат односно областа која ја покриваат, институциите на јавниот сектор ги класифициравме по областите законодавство, локална самоуправа, претседател, управа, правосудство, здравство, земјоделие и шумарство, култура, транспорт, образование, труд и социјала, информатичко општество, животна средина, комунални работи, правда, финансии и друго. При тоа:

- законодавство - Собранието на РМ;
- претседател - Претседателот на РМ;
- локална самоуправа - ЕЛС;
- управа и други државни органи - Влада, секретаријати во Влада, служба во Влада, министерства, органи во состав на министерства, самостојни органи на државна управа, правни лица со јавни овластувања, самостојни државни органи, регулаторни тела и посебен државен орган;
- финансии - Народна банка и Фонд за осигурување на депозити;
- здравство - јавни здравствени установи;
- образование - училишта, факултети, домови за ученици и студенти, фондот за иновации и др;

- труд и социјала - центри за социјална работа, градинки, домови за стари и др;
- земјоделие и шумарство - водостопанства, пасишта, ловишта и шуми;
- култура - театри, музеи, библиотеки, домови и центри на култура, археолошки локалитети, опера и балет, филхармонија и др;
- транспорт - државни патишта, железници, паркинзи, сообраќајни претпријатија и др;
- информатичко општество - МРТ, МРД и МАРнет;
- животна средина - национални паркови;
- комунални работи - комунални претпријатија, води, пазари, одржување на улици и др;
- правосудство - судови, јавни обвинителства, Судски совет, Совет на јавни обвинители и Совет за утврдување на фактите; и
- правда - Народен правобранител, Службен весник, затвори, КПУ и ВПУ.

| ДЕЈНОСТ | БРОЈ НА СУБЈЕКТИ |
|---|---|
| ОБРАЗОВАНИЕ | 538 |
| ЗДРАВСТВО | 118 |
| УПРАВА И ДР ДРЖАВНИ ОРГАНИ | 116 |
| КУЛТУРА | 112 |
| КОМУНАЛНИ РАБОТИ | 109 |
| ТРУД И СОЦИЈАЛА | 109 |
| ЛОКАЛНА ВЛАСТ | 81 |
| ПРАВОСУДСТВО | 66 |
| ПРАВДА | 14 |
| ЗЕМЈОДЕЛИЕ И ШУМАРСТВО | 8 |
| ТРАНСПОРТ | 7 |
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | 3 |
| ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО | 3 |
| ФИНАНСИИ | 2 |
| УСТАВЕН СУД | 1 |
| ЗАКОНОДАВНА ВЛАСТ | 1 |
| ПРЕТСЕДАТЕЛ | 1 |
| УРБАНИЗАМ | 1 |
| ДРУГО | 1 |
| **ВКУПНО** | **1.291** |

*Табела 3 - Број на институции според дејноста*

Од табелата бр.3 јасно се гледа дека најголем број на институции има во областа на образованието, вкупно 538, што претставува 41,67% од вкупниот број на институции во јавниот сектор. Во рамките на институциите од областа на образованието, најмногу се основните училишта кои се вкупно 353, по што следат

средните училишта чиј број изнесува 107, од кои 11 се основани од државата (државни средни училишта), додека останатите 96 се основани од единиците на локална самоуправа (општински средни училишта). Факултети, институти и други високообразовни установи се 57, студентски и ученички домови 16, додека други образовни институции кои не спаѓаат во горенаведените групи се вкупно 5. Такви се: Државен испитен центар, Фонд за иновации и технолошки развој, Центар за стручно образование и обука, Јавна установа центар за образование на возрасните и Центар за стручно оспособување и преквалификација Струга.

| ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ | БРОЈ НА СУБЈЕКТИ |
|---|---|
| ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 57 |
| СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | 107 |
| ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 353 |
| СТУДЕНТСКИ И УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ | 16 |
| ДРУГИ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ | 5 |
| **ВКУПНО** | **538** |

*Табела 4 - Преглед на бројот на образовни институции*

## ВИДОВИ НА ИНСТИТУЦИИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во однос на видот на институцијата поделбата е на јавни установи, јавни претпријатија, општини, судови, самостојни органи на државна управа, јавни обвинителства, министерства и органи во состав на министерствата, самостојни државни органи, регулаторни тела, секретаријати во влада, служба на влада и други поединечни органи кои не влегуваат во ниту една од претходно наведените групи и тоа: Собрание, Претседател, Влада, Народен правобранител, Народна банка, Агенција за разузнавање, Совет на јавни обвинители, Судски совет и Уставен суд.

| ВИД НА ИНСТИТУЦИЈА | БРОЈ НА СУБЈЕКТИ |
|---|---|
| ЈАВНА УСТАНОВА | 890 |
| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | 129 |
| ОПШТИНА | 81 |
| СУД | 34 |
| САМОСТОЕН ОРГАН НА ДРЖАВНА УПРАВА | 32 |
| ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 29 |
| ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВО | 29 |
| ПРАВНО ЛИЦЕ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА | 16 |
| МИНИСТЕРСТВО | 15 |
| САМОСТОЕН ДРЖАВЕН ОРГАН | 13 |
| РЕГУЛАТОРНО ТЕЛО | 10 |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ВО ВЛАДА | 3 |
| ВЛАДА НА РМ | 1 |
| НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 1 |
| НАРОДНА БАНКА | 1 |

| | |
|---|---|
| ПОСЕБЕН ДРЖАВЕН ОРГАН | 1 |
| ПРЕТСЕДАТЕЛ | 1 |
| СЛУЖБА ВО ВЛАДА | 1 |
| СОБРАНИЕ | 1 |
| СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ | 1 |
| СУДСКИ СОВЕТ | 1 |
| УСТАВЕН СУД | 1 |
| **ВКУПНО** | **1.291** |

*Табела 5 - Број на институции во јавен сектор според видот*

## Јавни установи

Најголем број на институции се јавни установи кои се вкупно 890. Од нив, во областа на образованието се 537, во областа на здравството 117, во областа на културата 108, во областа на труд и социјала 108, во областа на правда (КПУ и ВПУ) 12, во областа на животна средина 3 и од областа на информатичко општество (МАРНЕТ) е една институција.




*Графикон 2 - Број на јавни установи според дејноста*

## Јавни претпријатија

Вкупниот број на јавни претпријатија е 129, од кои 109 се јавни претпријатија за комунални работи, 8 се јавни претпријатија за земјоделство и шумарство, 7 се транспортни јавни претпријатија, 2 јавни претпријатија од дејноста информатичко општество (МРТ и МРД), 1 јавно претпријатие од дејноста урбанизам, 1 јавно претпријатие од дејноста правда (Службен весник на Република Македонија) и едно јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти класифицирано во дејноста други.




*Графикон 3 - Број на јавни претпријатија по дејност*

Од вкупниот број на 129 јавни претпријатија, 12 се основани од страна на Владата на Република Македонија, 3 се основани од Собранието на Република Македонија, а најмногу, односно 114 се основани од страна на Градот Скопје и општините. При тоа Град Скопје и Општина Битола се основачи на по 6 јавни претпријатија, Општина Охрид, Општина Струга и Општина Куманово се основачи на по 5 јавни претпријатија, Општина Прилеп има основано 4 јавни претпријатија, а Општина Виница, Општина Гостивар и Општина Струмица се основачи на по 3 јавни претпријатија. 11 општини имаат основано по две јавни претпријатија, а останатите 52 општини имаат основано по едно јавно претпријатие.




*Графикон 4 - Број на јавни претпријатија по основачот*

## Институции според гранки на државна власт

Откако ги разгледавме јавните установи и јавните претпријатија кои се најбројни институции на јавниот сектор, во делот кој следува ќе се осврнеме на државните органи и институциите кои се носители на некоја од гранките на државната власт. Како основ за разликување на овие институции е земена една од темелните

вредности на уставниот поредок на Република Македонија, односно поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Како целосно независни институции чиј основ произлегува директно од Уставот на Република Македонија се: Народниот правобранител на РМ, Народната банка на РМ и Уставниот суд на РМ.




*Графикон 5 – Организација на државната власт во РМ*

*Законодавна власт*

Носител на законодавната власт во Република Македонија е Собранието на Република Македонија. Иако не постои експлицитна законска основа за тоа, од начинот на основање, надлежностите кои ги имаат, како и органот пред кој одговараат, директно под Собранието на Република Македонија има 22

институции на јавниот сектор, од кои 10 се регулаторни тела, а 12 се самостојни државни органи.

*Извршна власт*

Носители на централната извршната власт во Република Македонија се Претседателот и Владата. Агенцијата за разузнавање е посебен државен орган кој одговара пред Претседателот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, како друг дел од извршната власт, во своите рамки има три секретаријати, и тоа Секретаријат за спроведување на рамковниот договор, Секретаријат за законодавство и Секретаријат за европски прашања. Административните работи за Владата ги работи Генералниот секретаријат. Исто така, во рамките на Владата е и Службата за општи и заеднички работи. Со Законот за организација и работа на органите на државната управа утврдени се 15 министерства, во чиј состав има 29 органи. Дополнително, носители на извршната власт се 32 самостојни органи на државната управа и управни организации и 8 правни лица со јавни овластувања.

Во однос на локалната извршна власт, во Регистарот се водат податоци и за Градот Скопје и за 80-те општини на територијата на Република Македонија. Дополнително, има и 8 плански региони, и тоа:

- Центар за развој на вардарски плански регион
- Центар за развој на источен плански регион
- Центар за развој на југозападниот плански регион
- Центар за развој на југоисточниот плански регион
- Центар за развој на пелагонискиот плански регион
- Центар за развој на полошкиот плански регион
- Центар за развој на скопски плански регион
- центар за развој на североисточен плански регион

како правни лица со јавни овластувања, чија институционална поставеност не е целосна и кои немаат големи надлежности, но имаат вработени кои се дел од вработените во јавниот сектор во Република Македонија.

*Судска власт*

Во регистарот на вработени во јавниот сектор се водат и 66 правосудни институции, односно 34 судови, како носители на судската власт, 29 јавни обвинителства, Судски совет на Република Македонија, Совет за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и Советот на јавни обвинители. Во продолжение се наведуваат поединечно судовите и јавните обвинителства.

Дел 2.

# ВРАБОТЕНИ

во
јавниот сектор

# ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

## ОПФАТ НА РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во институциите на јавниот сектор, работните места на вработените се групираат во четири групи и тоа:

Група I – Работни места на административни службеници, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи од административна природа;
Група II – Работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради извршување на посебни овластувања,
Група III – работни места на даватели на јавни услуги, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа и
Група IV – работни места на помошно-технички лица, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради одржување, обезбедување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на институциите.

Во рамките на првата група – административни службеници има две подгрупи на вработени, и тоа:

Подгрупа 1 – државни службеници, односно друг вид на службеници утврдени со посебни закони и
Подгрупа 2 – јавни службеници.

Во рамките на втората група – овластени службени лица има десет подгрупи на вработени, и тоа:

Подгрупа 1 – овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи и во органите на државната управа во состав на Министерството за внатрешни работи,
Подгрупа 2 – овластени службени лица во службата за воена безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана,
Подгрупа 3 – овластени службени лица во Агенцијата за разузнавање,
Подгрупа 4 – овластени службени лица во казненопоправните и воспитно-поправните установи,
Подгрупа 5 – судска полиција,
Подгрупа 6 – јавно-обвинителска полиција,

Подгрупа 7 – шумска полиција,

Подгрупа 8 – финансиска полиција,

Подгрупа 9 – воен и цивилен персонал во служба на Армијата на Република Македонија и

Подгрупа 10 – други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, утврдени со закон.

Во рамките на третата група – даватели на јавни услуги има пет подгрупи на вработени, и тоа:

Подгрупа 1 – даватели на јавни услуги во областа на здравството,

Подгрупа 2 – даватели на јавни услуги во областа на образованието и на науката,

Подгрупа 3 – даватели на јавни услуги во областа на трудот, социјалните работи и заштитата на децата,

Подгрупа 4 – даватели на јавни услуги во областа на културата и на јавното информирање,

Подгрупа 5 – даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија

Во рамките на четвртата група – помошно технички лица има пет подгрупи на вработени, и тоа:

Подгрупа 1 – помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата,

Подгрупа 2 – помошно-технички лица за обезбедување на објектите и на опремата,

Подгрупа 3 – помошно-технички лица за превоз на лица и на опрема,

Подгрупа 4 – помошно-технички лица во кујна или во хотелско-угостителски објект и

Подгрупа 5 – други помошно-технички лица.

Согласно со член 2 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор, функционерите, односно лицата кои добиле мандат да извршуваат функција на претседателски, парламентарни или на локални избори, лицата кои добиле мандат да извршуваат функции во извршната или во судската власт преку избор или именување од Собранието на Република Македонија или од органите на локалната власт, како и други лица кои согласно со закон се избрани или именувани на функција од носителите на законодавната, извршната или судската власт, во смисла на овој закон, не се сметаат за вработени во јавниот сектор, и нивните податоци не се дел од овој извештај.

Од тие причини, во податоците прикажани подолу во Извештајот не се содржани податоци за пратеници, министри, заменици министри, градоначалници, претседатели и членови на државни комисии, директори, судии, јавни обвинители и други избрани или именувани лица.

Статусите на вработените во различните институции на јавниот сектор се утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор и материјалните закони. Потоа, истите се систематизирани во Каталогот на работните места во јавниот сектор http://www.mioa.gov.mk/files/dokumenti/KATALOG_NA_RABOTNI_MESTA_21012016_v8.pdf, при што за секое работно место е утврдена шифра.

Шифрата на работното место претставува единствена алфанумеричка ознака на идентификационите податоци за секое работно место во Каталогот, и истата се состои од броеви и букви, распоредени во пет групи, и тоа:

- Прва група: три големи букви кои го изразуваат скратениот назив на институцијата, а кај институциите кои вршат дејности, го изразуваат скратениот назив на дејноста,
- Втора група: двоцифрен број кој ја изразува групата на работното место,
- Трета група: двоцифрен број кој ја изразува подгрупа на работното место во рамките на групата,
- Четврта група: голема буква, која ја изразува категорија на работното место во рамките на подгрупата и двоцифрен број кој го изразува нивото на работното место во рамките на категоријата, и
- Петта група: двоцифрен број, кој го изразува редниот број на работното место во истата група, подгрупа, категорија и ниво, кое има различен назив, односно звање.

Во Каталогот на работни места на јавниот сектор, во неговата 8-ма и во моментот на објавување на овој извештај последна верзија, дефинирани се 4.441 различно работно место, со реден број, шифра, назив на работно место, односно звање, стручен или научен назив, категоризација, минимум стручни квалификации, минимум потребен работен стаж во струката, минимум потребни компетенции (познавање на странски јазик, познавање на работа со компјутери), потреба од стручна лиценца/уверение, датум на внес во каталогот, и датум на бришење од каталогот.

## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ОБЕМ)

**На 31.12.2016 година 129.653 лица имаат засновано работен однос во некоја од 1.291 институции на јавниот сектор.** Во однос на 2015 година, кај 770 институции бројот на вработени се намалил или останал ист, кај 511 институции бројот на вработени се зголемил, додека 10 институции се новоосновани.[2]

[2] Промената на бројот на вработени во институциите не значи ново вработување или престанок на работниот однос, затоа што голем дел од промените во нституциите се и заради спроведени постапки за мобилност, односно преземање на врботени од една во друга институција на јавниот сектор, со што во едната институција се намалува, а во другата институција се зголемува бројот на вработени, без при тоа да се влијае на вкупната бројка на вработените во јавниот сектор




*Графикон 6 – Институции со зголемен/намален/ист број на вработени во однос на 2015*

Зголемувањето на бројот на вработени кај овие 511 институции се должи пред се на целосната имплементација на Законот за трансформација во редовен работен однос, со кој заклучно со Септември 2016 година ангажманите на договорците (хонорарците и волонтерите) се трансформираа во решенија, односно договори за редовен работен однос, за вкупно 4.684 лица. Овие лица во моментот на реализација на секоја од 3-те фази на трансформација биле ангажирани со договор за волонтирање, договор на дело и/или авторски договор или друг договор, и тоа најголем дел од нив во јавните здравствени установи, факултетите, училиштата и градинките (најмногу во клиничките центри/болници во Скопје, Куманово, Битола, Охрид и Прилеп, како и во Државниот универзитет во Тетово). Покрај трансформациите, зголемувањето на бројот на вработени се должи и на нови вработувања во институциите во постапки на јавни огласи, при што половината од сите нови вработувања се случила во Министерството за внатрешни работи (МВР), во Министерството за одбрана (МО) и во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (СЈО).

Така, во 2016 година во 10-те новоосновани институции се вработиле 255 лица, бројот на вработени само во МВР, МО, СЈО се зголемил за 544 лица, додека во сите останати институции се вработиле вкупно 509 лица. Истовремено, во 2016 година работниот однос во јавниот сектор им престанал на 2.069 лица. Ваквата статистика зборува за тоа дека бројот на вработени во 2016-та би требало да е намален во однос на 2015-та, но тоа не е случај заради реализираните трансформации во текот на 2016-та. Имено, лицата кои во текот на 2015 и 2016 биле ангажирани како хонорарци или волонтери, и како такви не влегувале во опфатот на вработени во јавен сектор од член 2 став (1) на Законот за вработените во јавниот сектор, односно не биле дел од Регистарот во 2015 година, во 2016-та стекнале редовен работен однос, па така, бројот на вработени во 2016-та, во однос на 2015, е зголемен за 1.306 лица.

Важно е да се напомене дека вкупниот број на вработените во јавниот сектор не соодветствува со вкупниот број на пополнети работни места, од причина што има вработени пред се во областа на образованието и во здравството кои пополнуваат работни места во две или повеќе институции на јавниот сектор (наставниците кои немаат полн фонд на часови се ангажираат во две или повеќе училишта, а професорите од медицинскиот факултет пополнуваат работни места и во здравствените установи и на факултетите).

Бројот на лица кои пополнуваат две или повеќе работни места изнесува 935. Од овие 935 лица, 2-ца пополнуваат работни места во шест институции, 4-ца во пет институции, 11-на во четири институции, 54-ца во три институции и 864 лица пополнуваат работни места во две институции. Овие лица пополнуваат вкупно 1.966 работни места, и тоа 1.496 во областа на образованието, 465 во областа на здравството, 1 во областа на труд и социјала и 4 во областа на комуналните работи.

Согласно со член 19 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор за воениот и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи и во органите на државната управа во состав на Министерството за внатрешни работи, како и во Агенцијата за разузнавање во регистарот се содржани единствено податоци за вкупниот број на овие вработени. Така, бројот на воен и цивилен персонал во служба на Армијата на Република Македонија изнесува 7.405, бројот на овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи и органите во состав на министерството (Дирекција за безбедност и контра разузнавање и Биро за јавна безбедност) изнесува 11.689, а бројот на овластени службени лица во Агенцијата за разузнавање е 248. Вкупниот број на лица кои во регистарот влегуваат само како број, без структура на податоците изнесува 19.342.

| ИНСТИТУЦИИ ОД ЧЛЕН 19 СТАВ 3 ОД ЗВЈС | ВРАБОТЕНИ |
|---|---|
| АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 7.405 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 11.689 |
| АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ | 248 |
| **ВКУПНО** | **19.342** |

***Табела 6 - Број на вработени, кои согласно член 19 став 3 од Закон за вработените во јавниот сектор влегуваат во регистарот само како број без структура***

Од тие причини во понатамошниот извештај, кој се однесува на структурата на вработените, од вкупниот број на вработени 129.653, исклучени се податоците за 19.342 лица, односно се **прикажани податоци за 110.311 вработени во јавниот сектор.**

### БРОЈ И СТАТУСИ НА ВРАБОТЕНИ ПО ВИД НА ИНСТИТУЦИИ

Во Собранието на Република Македонија вработени се вкупно 282 лица, во регулаторните тела 375 и во самостојните државни органи 739 вработени. Вкупно во овие институции има 1.396 вработени кои се распоредени во две групи, административни службеници (државни и друг вид службеници) и помошно-технички лица.

| СОБРАНИЕ НА РМ И ИНСТИТУЦИИ ПОД СОБРАНИЕ НА РМ | ВРАБОТЕНИ |
|---|---|
| СОБРАНИЕ НА РМ | 282 |
| РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА | 375 |
| САМОСТОЈНИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ | 739 |
| **ВКУПНО** | **1.396** |

*Табела 7 - Број на вработени во Собрание на РМ, регулаторните тела и самостојните државни органи*

За разлика од Собранието на РМ какде сите службеници имаат статус на државни, во регулаторните тела и во самостојните органи статусот им е државни или друг вид на службеници (регулаторни, ревизорски и сл). Во Табела бр.8 и Табела бр.9 е даден бројот и статусот на вработените по регулатор, односно по самостоен државен орган.

| РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ | 46 | 4 | 50 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ | 125 | 3 | 128 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ | 16 | 1 | 17 |
| АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР | 2 | 0 | 2 |
| АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ | 29 | 0 | 29 |
| АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ | 27 | 0 | 27 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО | 60 | 9 | 69 |
| КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 22 | 1 | 23 |
| РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ | 1 | 3 | 4 |
| РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 23 | 3 | 26 |
| **ВКУПНО** | **351** | **24** | **375** |

*Табела 8 - Број на вработени во регулаторните тела по статуси*

| САМОСТОЕН ДРЖАВЕН ОРГАН | ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА | 61 | 0 | 1 | 62 |
| ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ | 22 | 0 | 1 | 23 |
| ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 0 | 89 | 1 | 90 |
| ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА | 109 | 0 | 0 | 109 |
| ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ | 12 | 0 | 1 | 13 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА | 23 | 0 | 0 | 23 |
| ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН | 49 | 0 | 0 | 49 |
| ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА | 27 | 0 | 0 | 27 |
| КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ | 4 | 0 | 0 | 4 |
| КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА | 23 | 0 | 1 | 24 |
| КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 20 | 0 | 0 | 20 |
| ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 0 | 282 | 13 | 295 |
| **ВКУПНО** | **350** | **371** | **18** | **739** |

*Табела 9 - Број на вработени во самостојните државни органи со статуси*

Во кабинетот на Претседателот на Република Македонија има вкупно вработено 56 лица, распоредени во две групи, административни службеници (државни) и помошно-технички лица.

Во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија има вкупно 367 вработени, во секретаријатите на Владата 1.868 вработени, а во Службата за општи и заеднички работи има 381 вработени. Во министерствата се вработени 4.721 лица, во органите во состав на министерствата 4.591, во самостојните органи на државна управа 3.447, а во правните лица со јавни овластувања 1.577 вработени. Вкупно во овие органи на државна власт се вработени 16.952 лица кои се распоредени во три групи: административни службеници (државни и друг вид службеници), овластени службени лица и помошно-технички лица.

| ОРГАНИ НА ДРЖАВНА ВЛАСТ | ВРАБОТЕНИ |
|---|---|
| ВЛАДА НА РМ – ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ | 367 |
| СЕКРЕТАРИЈАТИ ВО ВЛАДА НА РМ | 1.868 |
| СЛУЖБА ВО ВЛАДА | 381 |
| МИНИСТЕРСТВА | 4.721 |
| ОРГАНИ ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВАТА | 4.591 |
| САМОСТОЈНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНА УПРАВА | 3.447 |
| ПРАВНИ ЛИЦА СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА | 1.577 |
| **ВКУПНО** | **16.952** |

*Табела 10 - Број на вработени во други органи на државната власт*

Во однос на бројот на вработени во владините секретаријати и служби, статусот на вработените е даден во следната табела:

| ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ | ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **ВЛАДА НА РМ** | 367 | 0 | 0 | 367 |
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ | 367 | 0 | 0 | 367 |
| **СЕКРЕТАРИЈАТИ ВО ВЛАДА** | 1864 | 4 | 0 | 1868 |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | 96 | 4 | 0 | 100 |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО | 25 | 0 | 0 | 25 |
| СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР | 1743 | 0 | 0 | 1743 |
| **СЛУЖБА ВО ВЛАДА** | 218 | 0 | 163 | 381 |
| СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 218 | 0 | 163 | 381 |

*Табела 11 - Број на вработени во владините секретаријати и служби со статуси*

Во министерствата се вработени државни службеници и помошно-технички лица, освен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде има вработено и овластени службени лица (шумски полицајци) и во Министерството за надворешни работи каде има друг вид службеници – дипломати.

| МИНИСТЕРСТВО | ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 684 | 317 | 0 | 1 | 1002 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 613 | 0 | 0 | 47 | 660 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 597 | 0 | 0 | 0 | 597 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 336 | 0 | 117 | 10 | 463 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 317 | 0 | 0 | 15 | 332 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 256 | 0 | 0 | 5 | 261 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 259 | 0 | 0 | 1 | 260 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 215 | 0 | 0 | 11 | 226 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 223 | 0 | 0 | 3 | 226 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА | 205 | 0 | 0 | 0 | 205 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА | 159 | 0 | 0 | 1 | 160 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| КУЛТУРА | | | | | |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА | 141 | 0 | 0 | 0 | 141 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 121 | 0 | 0 | 16 | 137 |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 48 | 0 | 0 | 3 | 51 |
| **ВКУПНО** | **4174** | **317** | **117** | **113** | **4721** |

*Табела 12 - Број на вработени во министерствата со статуси*

За разлика од министерствата, во органите во состав, имено во инспекторатите, покрај државни службеници и помошно-технички лица, вработени се и друг вид службеници – инспектори, во Управата за јавни приходи вработени се даночни службеници и даночни испектори, во Царинската управа царински службеници и инспектори, додека во Управата за финансиска полиција и Управата за финансиско разузнавање и овластени службени лица. Преглед на бројот на вработени во органите во состав на министерствата е даден во Табела бр.14, додека во однос на самостојните органи на државната управа и управните организации состојбата е дадена во Табела бр15.

| ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВО | ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА | ПОМОШ.-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ | 1 | 6 | 0 | 0 | 7 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ | 6 | 16 | 0 | 0 | 22 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 3 | 20 | 0 | 0 | 23 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО | 16 | 148 | 0 | 0 | 164 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА | 6 | 23 | 0 | 0 | 29 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ | 4 | 30 | 0 | 0 | 34 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД | 36 | 153 | 0 | 14 | 203 |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО | 2 | 25 | 0 | 0 | 27 |
| ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ | 4 | 11 | 0 | 0 | 15 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ | 11 | 88 | 0 | 2 | 101 |
| ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ | 10 | 62 | 0 | 2 | 74 |
| ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ | 2 | 37 | 0 | 0 | 39 |
| БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА | 44 | 0 | 0 | 0 | 44 |
| ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ | 70 | 239 | 0 | 0 | 309 |
| УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРО-ЛОШКИ РАБОТИ | 174 | 0 | 0 | 14 | 188 |
| УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО | 57 | 0 | 0 | 3 | 60 |
| БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 20 | 0 | 0 | 1 | 21 |
| БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | 132 | 0 | 0 | 15 | 147 |
| БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА Р.М. ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 7 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ | 486 | 0 | 0 | 0 | 486 |
| БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА | 37 | 0 | 0 | 2 | 39 |
| УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ | 24 | 0 | 1 | 0 | 25 |
| БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ | 24 | 0 | 0 | 0 | 24 |
| УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 81 | 1.163 | 0 | 53 | 1.297 |
| УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА | 5 | 0 | 31 | 0 | 36 |
| УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ | 5 | 0 | 25 | 1 | 31 |
| ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 17 | 1.082 | 0 | 29 | 1.128 |
| УПРАВА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ЗДРАВСТВО | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| **ВКУПНО** | | | | | **4.591** |

*Табела 13 - Број на вработени во органите во состав на министерствата со статуси*

| САМОСТОЕН ОРГАН НА ДРЖАВНА УПРАВА И УПРВНА ОРГАНИЗАЦИЈА | ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ | ДРУГ ВИД СЛУЖБЕНИЦИ | ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 10 | 0 | 0 | 10 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 18 | 0 | 0 | 18 |
| АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ | 835 | 0 | 66 | 901 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ И АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ | 8 | 0 | 0 | 8 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА | 31 | 0 | 0 | 31 |
| АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 41 | 1 | 4 | 46 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ | 13 | 0 | 1 | 14 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ | 36 | 0 | 3 | 39 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 9 | 0 | 0 | 9 |
| АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО БИТОЛА | 106 | 0 | 1 | 107 |
